New South Wales Government
Attorney General's Department
lawaccess

Macedonian

# Ви треба ли **помош** со правни работи?

**LawAccess NSW** е бесплатна државна телефонска служба која на луѓето кои имаат правен проблем во Нов Јужен Велс им нуди правни информации, совети и ги упатува во други служби.

## Како можеме да ви помогнеме?

Ако одите на суд, имате правен проблем или прашање во врска со законот, ние можеме да ви помогнеме да ја добиете потребната помош.

Ние имаме службеници за услуги на клиенти (Customer Service Officers) кои можат:

- Да ви дадат правни информации за да ви помогнат со вашиот правен проблем.
- Да организираат некој од нашите правни службеници (Legal Officers) да ви даде правен совет преку телефон ако ги исполнувате нашите услови за добивање правни совети.
- Да ве упатат во некоја друга правна или слична служба која ќе може најдобро да ви помогне.
- Да ви испратат информации кои може да ви помогнат околу вашиот правен совет.

LawAccess NSW беше формирана со цел да им помага на луѓето кои имаат тешкотии да добиваат бесплатни правни совети. Конкретно, ние им помагаме на клиентите:

- Во регионалните и внатрешните делови од Нов Јужен Велс
- Кои се Абориџини или од островите во Torres Strait
- Кои се онеспособени
- Кои се од различно културно и јазично потекло
- Кои се изложени на опасност да бидат повредени

Сфаќаме дека луѓето имаат тешкотии да добиваат соодветни правни услуги заради многу други причини. Нашите службеници за услуги на клиенти се обучени да ви помогнат да ја најдете потребната помош.

## Со какви видови на правни проблеми можеме да ви помогнеме?

Можеме да ви помогнеме со различни правни проблеми вклучувајќи:

- Проблеми околу долгови и кредити
- Семејно право и вонбрачни врски
- Спорови со соседи
- Тестаменти и наследства
- Сообраќајни прекршоци
- Закон за вработување
- Кривичен закон
- Налози за заштита од насилство (Apprehended Violence Orders - AVOs)
- Закон за заштита на потрошувачите
- Сообраќајни несреќи
- Жалби против адвокати

## Како можете да не контактирате?

**Преку телефон**
Можете да ни телефонирате на **1300 888 529** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок (со исклучок на државните празници).

Ако имате оштетен слух или говор, можете да ни телефонирате на **1300 889 529** меѓу 9 ч. наутро и 5 ч. попладне, од понеделник до петок (со исклучок на државните празници).

## Преку Службата за писмено и усмено преведување (TIS)

Можете да не контактирате преку Службата за писмено и усмено преведување (TIS) на **131 450**. TIS ќе организира преведувач на вашиот јазик кој ќе биде на телефонската линија кога ќе не контактирате. Услугите на TIS се бесплатни и доверливи.

## LawAccess на Интернет

Нашите Интернет страни **www.lawaccess.nsw.gov.au** се добро почетно место за пребарување на информации во врска со вашиот правен проблем или прашање за законот.

Ако ги користите нашите Интернет страни, ќе имате пристап до:

- Повеќе од 2000 правни материјали кои се лесни за читање, на пример, информативни листови, формулари и публикации.
- Правни информации кои лесно може да се најдат во повеќе општи правни области, на пример, долгови, семејно право и соседи.
- Правни материјали и публикации од различни државни и приватни правни служби, на пример, Legal Aid NSW, Community Legal Centres и локални и семејни судови.

Пребарувањето информации на нашите Интернет страни е лесно и тие може да се користат во секое време.

## Упатување кај адвокати

Дали треба да најдете приватен адвокат?
Ако ви треба помош од приватен адвокат, можеме да работиме заедно со Law Society of NSW и да ви ги испратиме имињата на три адвокати во било кое место или од било која правна област преку пошта, факсимил или електронска пошта.

## Дали можам да добивам правни совети од LawAccess NSW?

Ние имаме правници кои можат да ви дадат правни совети преку телефон. Меѓутоа, не сме во состојба да им нудиме правни совети на сите луѓе. Правниот случај за кој барате информации мора да ги задоволува нашите услови за добивање правна помош и мора да биде прикладен за разговор преку телефон.

## Можам ли да добивам Legal Aid (правна помош)?

Дали можете да добивате Legal Aid зависи од тоа за каков вид на правен проблем станува збор и од вашиот приход. Ако не сте сигурни дали ќе добиете Legal Aid, нашите службеници за услуги на клиенти ќе можат да ви помогнат да утврдите дали можеби ќе можете да користите Legal Aid и ќе ви помогнат да го пополнете молбениот формулар за Legal Aid.

## Зошто ги упатуваме клиентите во други служби?

Откако ќе го сослушаат вашиот правен проблем, нашите службеници за услуги на клиенти може да утврдат дека можеби некоја специјализирана служба ќе може подобро да ви помогне. Понекогаш вашиот правен проблем може подобро да се реши ако лично зборувате со некој. Нашите службеници задолжени за услуги на клиенти ќе осигураат да ве поврзат со најсоодветната служба.

**LawAccess NSW е иницијатива на Attorney General's Department of NSW, Legal Aid NSW, Law Society of NSW и NSW Bar Association.**

**© Државата на Нов Јужен Велс преку LawAccess NSW, Attorney General's Department. Оваа публикација можете слободно да ја користите за било каква непрофитна намена.**
**Јуни 2008 ISBN 978-1-921301-74-2.**

**За повеќе информации во врска со други формати на оваа публикација, контактирајте ги во LawAccess NSW на 1300 888 529 (TTY 1300 889 529).**